

# СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕУ ЦЕНТАР

# *ЕУ ВЕСТИ*

 

***јули 2022 година***
***ЕУЦ-број 75/2022***

## ОДРЖАНИ МЕЃУВЛАДИНИТЕ КОНФЕРЕНЦИИ НА ЕУ СО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА - ПОЧЕТОК НА ПРИСТАПНИТЕ ПРЕГОВОРИ СО ЕУ



Европската Унија на 19 јули 2022 година официјално ги отвори пристапните преговори со земјите кандидати, Северна Македонија и Албанија, со одржување на две одделни меѓувладини конференции во Брисел и учество на државни делегации од двете земји и претставници на ЕУ.

Претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, истакна дека Северна Македонија и Албанија покажале постојана посветеност на вредностите на ЕУ, издржливост и верба во процесот на пристапување, го зајакнале владеењето на правото и борбата против корупцијата, слободата на медиуми и граѓанското општество.

Во однос на преговорите, веднаш по одржувањето на меѓувладините конференции, Европската комисија и преговарачките тимови на двете држави ќе започнат со работа. Еврокомесарот за проширување Оливер Вархеји изјави дека Европската комисија е подготвена да го започне процесот на скрининг за Северна Македонија.

Скринингот на европското acquis ќе започне, што е прв чекор во процесот и истиот ќе овозможи двете држави да станат поблиски со правата и обврските од членството во ЕУ, од аспект на договорите, законодавството до меѓународните договори. Според најавите скрининг процесот ќе трае околу 18 месеци.

На меѓувладината конференција, Јан Липавски, министер за надворешни работи на Чешката Република, истакна дека пристапните преговори со Северна Македонија ќе бидат ригорозни и напорни. Следната Меѓувладина конференција ќе се одржи без одлагање и други политички услови, откако Северна Македонија ќе ги изврши уставните измени.

Северна Македонија набрзо ќе преговара со ЕУ за договорот за Фронтекс, преку кој ќе се зајакне соработката за миграцијата.

Придобивките од пристапните преговори со ЕУ ќе бидат зајакнување на инвестициите, подобрени трговски врски, поблиска соработка во клучни области како енергијата, транспортот, зголемување на користењето и влијанието на финансирањето од ЕУ, што подразбира нови работни места и нови бизнис можности.

Почетокот на преговорите на ЕУ со Северна Македонија и со Албанија, претставува големо испорачано право на почетокот на Чешкото претседателство со Советот на ЕУ, кое беше изградено со работа на претходното Француско претседателство со ЕУ.

https://ec.europa.eu

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Одржани меѓувладините конференции на ЕУ со Северна Македонија и Албанија - Почеток на пристапните преговори со ЕУ | 1 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 2 |
| Практичност во процесот на проширување | 3 |
| Чешка: Статистички податоци | 3 |
| Собраниски активности поврзани со европските прашања | 4 |
| Приоритети на Чешкото претседателство со Советот на ЕУ 2022 година | 5 |
| Предлог на Европската Комисија за штедење на гас | 6 |
| Седми пакет санкции на Европскиот совет | 6 |
| Инфлацијата во ЕУ на историски максимум | 7 |
| Извештај за владеење на правото во ЕУ за 2021 година | 7 |
| ЕК: Очекувањата на потрошувачите на рекордно ниско ниво | 8 |
| Европската централна банка ги зголеми основните каматни стапки | 8 |
| Унгарија се соочува со суспензија на европските фондови | 9 |
| Мерки на Комисијата за целосно и навремено транспонирање на директивите на ЕУ | 9 |
| Кршење на правилата на ЕУ за заштита на податоците | 10 |
| Пораст на цените на становите во Европа | 10 |
| Намален бројот на жители во ЕУ | 11 |
| ЕУ календар / септември 2022 | 11 |

## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ

***Пленарна сесија 04-07 јули 2022***

Европскиот парламент на пленарната сесија со 539 гласа го усвои Законот за дигитални услуги и со 588 гласа Законот за дигитални пазари. Целта на двата закони е да се решат општествените и економските ефекти на технолошката индустрија со поставување јасни стандарди за тоа како тие работат и обезбедуваат услуги во ЕУ, согласно со основните права и вредности на ЕУ.

Чешкиот премиер Петр Фиала пред европратениците ги претстави програмата и главните цели на Чешкото претседателство со Советот на ЕУ (јули-декември 2022).

Европратениците дебатираа за заклучоците од самитот на Европскиот совет одржан на 23 до 24 јуни годинава, со претседателот Шарл Мишел и потпретседателот на ЕК Марош Шефчовиќ. Речиси сите говорници ја поздравија одлуката за започнување на пристапниот процес со Украина и Молдавија.

Европратениците со 561 глас го поддржаа предлогот да им се дозволи на украинските бегалци да ги задржат националните возачки дозволи, ослободувајќи ги од обврската за замена за оние од ЕУ.

За време на петтата дебата „Ова е Европа“, со европратениците, грчкиот премиер Кириакос Мицотакис се фокусираше на потребата од проширување и продлабочување на ЕУ. Тој повика на проширување на ЕУ во Западен Балкан, паралелно со притисокот за поголема интеграција, особено во енергетиката и одбраната.

Европскиот парламент со 539 гласа го усвои извештајот на Зигфрид Мурешан (ЕПП, РО) во кој се наведува дека Хрватска ги исполнува сите критериуми за усвојување на еврото од јануари 2023 година.

Во извештај усвоен со 535 гласа европратениците побараа поефикасно интегрирање на родот во политиките во однос на бездомништвото, недостигот на пристап до соодветни живеалишта и енергија. Комисијата треба да развие амбициозна европска стратегија за борба против сиромаштијата до 2030 година, со конкретни цели и фокус за крај на сиромаштијата кај жените.

Со резолуција усвоена со 501 гласа Европарламентот ги препознава придобивките од работата од дома преку зголемена флексибилност и автономија, но истовремено предупредува на значителните здравствени ризици кои произлегуваат од прекумерната поврзаност, намалување на границата помеѓу работата и приватниот живот, повисок интензитет на работа или т.н. „техностерс“ поврзан со употребата на поврзана технологија во работата.

Европратениците со 620 гласа го усвоија договорот со владите на ЕУ за обезбедување финансиска поддршка на секторите за рибарство и аквакултура на ЕУ за ублажување на последиците од војната во Украина.

Во резолуцијата усвоена со 450 гласа европратениците искажаа критика кон земјите кои го злоупотребуваат ветото за даночни прашања и побараа повторно отворање на дискусии за постепено воведување на гласање со мнозинство. Со Резолуцијата се повикуваат Комисијата и земјите-членки „да не се впуштаат во политичко пазарење“ и „да се воздржат од одобрување на унгарскиот национален план за закрепнување и одрживост, освен ако не се целосно исполнети сите критериуми“.

Европарламентот усвои нови правила за зголемување на внесот на одржливи горива од авионите и аеродромите на ЕУ, со цел да се намалат емисиите од воздухопловството и да се обезбеди климатски неутрална Европа до 2050 година.

Правото на абортус треба да биде вклучено во Повелбата за основните права на ЕУ, повикаа европратениците во Резолуцијата усвоена со 324 гласа, во однос на одлуката на Врховниот суд на САД за поништување на правата за абортус во САД и потребата да се заштитат правата на абортусот и здравјето на жените во ЕУ. Треба да се поднесе предлог до Советот, за измена на членот 7 од Повелбата, со додавање дека „секој има право на безбеден и легален абортус“.

Европскиот парламент не се спротивстави на Делегираниот акт за таксономија на Комисијата, да вклучи специфични активности за нуклеарна и гасна енергија, под одредени услови, во списокот на еколошки одржливи економски активности опфатени со т.н. таксономија на ЕУ. За резолуцијата гласаа 278 европратеници, 328 беа против, а 33 беа воздржани.

Европскиот парламент усвои три резолуции за почитување на човековите права во Хонгконг, Бразил и Таџикистан.

www.europarl.europa.eu

## ПРАКТИЧНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА ПРОШИРУВАЊЕ

Чешка, која го презеде претседателството со ЕУ на почетокот на јули, активно размислува за подобрување на процесот на проширување, вклучително и дополнителни предности покрај бирократските правила на процесот. Меѓу земјите кои активно се занимаваат со темата за проширување е Австрија, чиј министер за надворешни работи, Александар Шаленберг пролетва презентираше низа идеи.

Кандидатите за ЕУ треба да добијат побрз пристап до „делови од заедничкиот пазар“ и програмите на ЕУ како дел од транзицијата кон полноправно членство, истакна Шаленберг. Ова може да вклучува на пример учество во размена на студенти преку програмата Еразмус или во политиката за нула такси за роаминг.

Идејата е состојбата на „се или ништо“ да премине во „погостопримливост“ каде ЕУ ќе ги охрабри земјите-кандидати и населението повеќе да се ангажираат во процесот на пристапување.

Чешкиот министер за надворешни работи, Јан Липавски се согласи дека проширувањето е толку долг процес што би било добро да им се даде на кандидатите за членство „нешто практично“ што ќе ја подобри позицијата на ЕУ и ќе донесе економски придобивки.

Прага претстави идеја да биде домаќин на неформален самит на лидерите на ЕУ и земјите кои не се членки во октомври годинава.

https://euractiv.rs

## ЧЕШКА: СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ




Претседателството ротира меѓу земјите-членки на ЕУ на секои шест месеци. Во текот на овој шестмесечен период, земјата -членка претседава со состаноци на секое ниво во Советот, помагајќи да се обезбеди континуитет на работата на ЕУ.

Во вкупното население на ЕУ Чешка учествува со 2,4%, односно 10,7 милиони жители. Учеството во БДП на ЕУ е 1,7%. Во Чешка БДП по глава на жител изнесува 22,320 евра и 32,270 во ЕУ.

Чешка има најниска стапка на невработеност во ЕУ. Стапката на вработеност од машката популација во Чешка е 87,5%, споредбено со 78,5% во ЕУ. Кај жените стапката на вработеност изнесува 72,1% во Чешка и 67,7% во ЕУ.

https://ec.europa.eu/eurostat

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ ПОВРЗАНИ СО ЕВРОПСКИТЕ ПРАШАЊА





Претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, Талат Џафери на 14 јули 2022 година оствари средба со претседателката на Европската комисија, Урсула фон дер Лајен, на која присуствуваше и генералната секретарка на Собранието, Цветанка Иванова. На средбата, претседателот Џафери нагласи дека одлуките во Собранието се носат во согласност со почитување на главните прашања за кои се изразува загриженост во јавноста како македонскиот јазик, култура, историја и идентитет. Македонскиот јазик ќе биде регистриран без фусноти, потенцира претседателот Џафери.
Претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен се обрати пред пратениците на 80 седница на Собранието која се одржа на 14 јули годинава.
Собранието на 81 седница одржана на 16 јули 2022 година усвои заклучоци по Информацијата за содржината на Предлог преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија и ЕУ, предложена од претседателството на Франција со Советот на ЕУ на 30 јуни 2022.

www.sobranie.mk

Претседателот на Собранието Талат Џафери на 5 јули 2022 година оствари средба со претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел, кој престојуваше во еднодневна посета на земјата. На средбата присуствуваше и амбасадорот на ЕУ Дејвид Гир и координаторите на пратеничките групи и претставниците на помалите политички партии во Собранието. Во однос на загриженоста околу формулациите во преговарачката рамка, Мишел на средбата појасни дека за македонскиот јазик се упатува јасна порака од Советот на ЕУ дека истиот се почитува и сите документи во текот на процесот ќе се преведуваат на македонски јазик. На средбата присуствуваа и се обратија координаторите на пратеничките групи: на ВМРО-ДПМНЕ Никола Мицевски, на СДСМ Јован Митрески, на Демократската унија за интеграција Арбер Адеми, на Алтернатива Сафије Садики Шаини, на Алијанса за Албанците Илире Даути и претставникот на БЕСА  Бастри Бајрами.







Членови на пратеничката група на Собранието за соработка со Парламентот на Обединетото Кралство на Велика Британија и Северна Ирска на 15 јули годинава, остварија средба со пратениците од Британскиот парламент Алекс Собел и Стефен Доути. На средбата беа истакнати проектите што се имплементираат во Собранието преку Вестминстер фондацијата, а кои се во функција на јакнење на капацитетите на собраниските комисии и собраниската служба.. Претседателот на ПГ на Собранието, Кастриот Реџепи, нагласи дека Обединетото Кралство продолжува да ги поддржува напорите за европска интеграција на земјите од регионот, со силна проектна и финансиска помош и преку поддршката на Берлинскиот процес. Средба со делегацијата остварија и заменик - претседателот на Собранието, Горан Мисовски и членовите на Делегацијата на Собранието во Интерпарламентарната унија (ИПУ), Јован Митревски, Ели Панова, Илире Даути и Арбер Адеми.

## ПРИОРИТЕТИ НА ЧЕШКОТО ПРЕТСЕДАТЕЛСТВО СО СОВЕТОТ НА ЕУ 2022 ГОДИНА

Чешката Република претседава со Советот на ЕУ од 1 јули до 31 декември 2022 година. Шестмесечното чешко претседателство следи по Франција која го предводеше Советот во првата половина на годината, а ќе го следи шведското претседателство од 1 јануари до 30 Јуни 2023. Овие три држави заедно ја формираат триото на претседавањето кои создадоа заедничка програма на нивните претседателства.

Општата цел на Чешкото претседателство е да придонесе што е можно повеќе за создавање услови за безбедност и просперитет на ЕУ, во контекст на европските вредности на слобода, социјална правда, демократија и владеење на правото и одговорност за животната средина. ЕУ мора да се фокусира на обезбедување на заедничка безбедност со НАТО и афирмирање на стратешката отпорност и конкурентност на европската економија. ЕУ, заедно со САД и другите демократски држави надвор од ЕУ, треба да станат силна основа за стратешка заедница која ќе ги брани основните вредности, човековите права, слободниот начин на живот и либералната демократија. За да ја постигне оваа цел, Чешката Република одреди 5 политички приоритети за нејзиното претседавање со ЕУ во 2022 година:

**-Управување со бегалската криза и повоеното закрепнување на Украина** По воената агресија на Русија против Украина, чешкото претседателство ќе ги поддржи напорите на ЕУ за одбрана на суверенитетот и територијалниот интегритет на Украина со користење на сите инструменти и програми понудени од ЕУ, вклучително и зајакнување на санкциите. Друга важна задача ќе биде повоената реконструкција на Украина, фокусирајќи се на обновувањето на критичната инфраструктура, основни услуги, зајакнувањето на отпорноста и економското закрепнување и стабилност во Украина.

**-Енергетска безбедност** - Чешкото претседателство во својот мандат ќе ги актуелизира прашањата за енергетска безбедност на ЕУ, кои во моментов се многу поитни од енергетската транзиција и од забрзаната имплементација на REPowerEU (План за рапидно намалување на зависноста од руски фосилни горива и брз премин кон зелена транзиција. Акцент особено ќе се стави на темелното спроведување на главната краткорочна цел, односно на отстранување на зависноста од руските фосилни горива.

**-Зајакнување на одбранбените капацитети на Европа и безбедноста на сајбер просторот** - Чешкото претседателство ќе се фокусира на зајакнување на безбедносните и одбранбените капацитети, како и на партнерството со НАТО.

**-Стратешка отпорност на европската економија** - Претседателството ќе се залага за усвојување на паневропска алатка за сигурно и доверливо докажување на идентитетот на граѓанинот, таканаречениот европски паричник за дигитален идентитет и создавање на ефикасен и праведен пазар на податоци.

**-Отпорност на демократските институции** - претседателството ќе се фокусира на зајакнување на отпорноста на институциите кои имаат големо влијание врз одржувањето и развојот на вредностите на демократијата и владеењето на правото во ЕУ. Тие вклучуваат транспарентно финансирање на политичките партии, независност на медиумите и отворен дијалог со граѓаните. При спроведувањето на Европската година на младите 2022, Претседателството ќе стави акцент на подобрување на дијалогот со младите и промовирање на нивното учество во политиките и политичките процеси. Заедно со другите демократски држави, претседателството ќе работи да се осигури почитувањето на основните права и слободи во дигиталното опкружување и ќе се заложи за глобалните стандарди да се надополнат на таканаречениот хумано-центричен пристап.

https://czech-presidency.consilium.europa.eu/

EU2022.CZ

## ПРЕДЛОГ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ЗА ШТЕДЕЊЕ НА ГАС



Европската Комисија на 20 јули 2022 година предложи нова регулатива за штедење на гас која треба да воведе, на почетокот доброволно, потоа задолжително, земјите на ЕУ да ја намалат домашната потрошувачка за 15% до пролетта 2023 година. Целта е осамостојување од зависноста на рускиот гас. За овој предлог 5 земји-членки на ЕУ, се изјаснија против.
Предлогот на ЕК ќе биде предмет на дебата во Советот на министри за енергетика на ЕУ, а потоа треба да се усвоен со квалификувано мнозинство, односно 15 земји-членки кои застапуваат најмалку 65% од вкупното население на ЕУ.

Унгарија категорично изјави дека е против предлогот на Комисијата, а Полска, Шпанија, Грција, Кипар и Португалија најавија дека нема да го прифатат планот. Со најавите на најмалку 6 земји-членки, меѓу нив речиси сите главни земји од југот и Полска, станува извесно дека овој предлог ќе има потешкотии во усвојувањето.
Португалија преку својот министер за енергија порача дека „целосно е против“ предлогот, а Унгарија најави дека нема нималку гас да дозволи да излезе од унгарските граници.
Грција го критикуваше предлогот на Комисијата поради недостигот на претходни консултации со земјите-членки, иако претседателката на ЕК, Урсула фон дер Лајен, уверуваше дека сите биле консултирани.
Во ЕУ се смета дека овој предлог и оди во корист главно на Германија. Берлин се наоѓа во тешка ситуација со гасот поради укинувањето на проектот Северен Тек 2, а предлогот на Европската Комисија налага солидарност и споделување на гасот меѓу земјите членки.

https://ec.europa.eu

## СЕДМИ ПАКЕТ САНКЦИИ НА ЕВРОПСКИОТ СОВЕТ



Советот на ЕУ на 21 јули 2022 година, како одговор на руската агресија врз Украина, донесе нови мерки со цел заострување на постојните економски санкции, подобрување на нивната примена и ефикасност. Седмиот пакет санкции воведува нови забрани за купување, увоз или пренос на злато, директно или индиректно, доколку тоа потекнува од Русија или се извезува од Русија во ЕУ или во која било трета земјата потоа.

Пакетот ја проширува листата на контролирани производи на оние кои можат да придонесат за воено и технолошко зајакнување на Русија или развој на нејзиниот одбранбен и безбедносен сектор, а со тоа ја зајакнува контролата на извозот на производи со двојна употреба и напредна технологија.
Пакетот санкции ја проширува сегашната забрана за пристап до пристаништата, за да се заштити од избегнувањето на санкциите и го проширува опсегот на забраната за депозити за да ги вклучи оние од правни лица, ентитети или тела основани во трети земји и во мнозинска сопственост на руски државјани или руски жители.
Европската Унија усвои голем број појаснувања за постоечките мерки, на пример во областа на јавните набавки, воздухопловството и правдата.
Европската Унија донесе одлука да го продолжи ослободувањето од забраната за трансакции со одредени државни субјекти во однос на трансакции со земјоделски производи или транспорт на нафта во трети земји.

https://www.consilium.europa.eu

## ИНФЛАЦИЈАТА ВО ЕУ НА ИСТОРИСКИ МАКСИМУМ




Европската комисија во сопствената летна економска прогноза предвидува раст на економијата на ЕУ од 2,7% во 2022 година, додека за 2023 се предвидува пад на 1,5%, односно 2,6% и 1,4% во еврозоната. Се предвидува дека просечната годишна инфлација ќе достигне „историски максимум" во 2022 година од 7,6% во еврозоната и 8,3% во ЕУ, пред намалувањето во 2023 година на 4,0% и 4,6%.
Претставувајќи ја најновата економска прогноза за ЕУ и еврозоната, комесарот за економија, Паоло Џентилони нагласи дека војната на Русија против Украина и понатаму негативно влијае на економијата на ЕУ, поставувајќи ја на пат од низок раст и зголемена инфлација во однос на претходната пролетна прогноза. Се предупредува дека развојот на војната во Украина, особено на испораките на гас за Европа, како и можноста од повторно засилување на пандемијата од Ковид-19, претставуваат ризик како за развојот на европските економии, така и за натамошната инфлација. Истовремено во Брисел се укажува дека неодамнешните тенденции на падот на цената на нафтата и на други стоки може да се интензивираат, што би довело до побрз пад на инфлацијата, отколку што сега се очекува. Приватната потрошувачка во Европа, благодарение на силниот пазар на трудот, може да се покаже поотпорна на зголемување на цените, доколку домаќинствата користат повеќе од своите акумулирани заштеди.

https://ec.europa.eu

## ИЗВЕШТАЈ ЗА ВЛАДЕЕЊЕ НА ПРАВОТО ВО ЕУ ЗА 2021 ГОДИНА




Европската комисија на 13 јули 2022 година објави трет годишен Извештај за владеењето на правото во ЕУ, во кој се оценуваат состојбите во соодветната област и за првпат се даваат конкретни препораки за секоја земја. Целта на препораките е да се поттикнат планираните и тековните реформи и да им се помогне на членките на ЕУ и да се идентификуваат областите во кои се потребни подобрувања.
Како и во претходните изданија, новиот извештај, кој се однесува на периодот од јули 2021 година, ја оценува состојбата во 4 области клучни за владеењето на правото - судството, борбата против корупцијата, медиумскиот плурализам и слобода и институционалните прашања.
Европската комисија наведува дека во областа на правосудството, многу земји-членки спровеле важни реформи за зајакнување на независноста на судството и вовеле мерки за подобрување на ефикасноста и квалитетот на судството, како што се понатамошна дигитализација и подобрување на пристапот до правдата.
Препораките за подобрување на борбата против корупцијата се однесуваат на зајакнување на рамката за спречување на корупцијата, на пример правила за лобирање и судир на интереси и обезбедување ефективни истраги и казнување на случаите на корупција.
Во областа на медиумите, Комисијата оценува дека пандемијата на Ковид и руската агресија врз Украина укажуваат на клучната улога на новинарите во проверката на фактите и информирањето на граѓаните.
Останува загриженоста за недоволната транспарентност во дистрибуцијата на државните огласи, судирот на интереси и пречките за пристап до јавни документи. Се посочува дека во некои земји-членки сè уште нема формална рамка за консултации со заинтересираните страни, а граѓанските организации се соочуваат со предизвици како што се финансирање, негативни наративи и ограничувања на работната средина.

https://ec.europa.eu

## ЕК: ОЧЕКУВАЊАТА НА ПОТРОШУВАЧИТЕ НА РЕКОРДНО НИСКО НИВО




Очекувањата на потрошувачите во ЕУ и еврозоната значително се влошиле во јули годинава, спуштајќи се на рекордно ниско ниво, објави Европската комисија. Индексот што ги мери очекувањата на потрошувачите во ЕУ во јули паднал за три поени во однос на претходниот месец, и падна на минус 27,3 поени, што е најниско ниво од собирањето на податоците, се наведува во извештајот на Комисијата. Во еврозоната индексот паднал за 3,2 поени, на минус 27 поени. И двата показатели паднале под нивото од почетокот на Ковид кризата, кога земјите воведоа строги мерки за сузбивање на ширењето на Ковид 19, објави Европската комисија. Показателите се значително под долгорочниот просек кој е минус 11 поени во еврозоната, а минус 10,6 поени во ЕУ.
Во јуни 2022 година, индикаторот за економско расположение (ESI) паднал и во ЕУ (-1,7 поени на 102,5) и во еврозоната (-1,0 поени на 104). Се намалил и индикаторот за очекувања за вработувањата (ЕЕИ) (-1,6 поени на 110,6 во ЕУ и -1,7 поени на 110,9 во еврозоната). Истражувањето било спроведено од 01 до 19 јули годинава.

https://economy-finance.ec.europa.eu

## ЕВРОПСКА ЦЕНТРАЛНА БАНКА ГИ ЗГОЛЕМЕНИ ОСНОВНИТЕ КАМАТНИ СТАПКИ




Европската централна банка (ЕЦБ) на 21 јули годинава ја зголеми основната каматна стапка за првпат после 11 години, во обид да ја ублажи растечката инфлација во еврозоната. Каматната стапка е зголемена за 50 базични поени, односно 0,5% поени, со што ја доведе депозитната стапка на нула. Економистите очекуваа помало покачување, односно 0,25% поени.
ЕЦБ ја држеше подолго време каматната стапка на историски минимум, во негативна зона од 2014 година, за да се справи со должничката криза во еврозоната, а потоа и со последиците од пандемијата на коронавирусот.
Еврото веднаш порасна по веста за поагресивниот раст на каматната стапка и се тргуваше по курс од 1,0257 долари.
ЕЦБ изминатиов период сигнализираше дека би можела да ја зголеми каматната стапка во јули и во септември, поради растот на цените.
Аналитичари за CNBC изјавија дека ЕЦБ не ја затегнува својата политика поради прегреана економија и дека со овој потег само ќе ја забави економијата на еврозоната, ризикувајќи шок од стагфлација што тешко ќе го контролира.
Депозитната каматна стапка на Европската централна банка сега е 0%, со што по 8 години излезе од негативната зона.
Целта на сите централни банки е да ја вратат инфлацијата на прифатливи нивоа - за ЕЦБ, таа е 2% годишно - без да се доведе економијата во рецесија.

https://www.euronews.com

## УНГАРИЈА СЕ СООЧУВА СО СУСПЕНЗИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ ФОНДОВИ

Европската комисија испрати ново предупредување до Унгарија поради непочитување на владеењето на правото. Процедурата може да доведе до суспензија на некои фондови кои ѝ се доделуваат на земјата.
„Европската комисија смета дека Унгарија не доставила соодветни корективни мерки”, се наведува во соопштението на Комисијата.
На крајот на април годинава, Брисел започна механизам за условување против Унгарија, кој досега не беше користен во ЕУ, поради загриженоста за користењето на европскиот буџет од Унгарија. Тоа е поврзано со спроведувањето на јавните набавки, недоволната контрола и транспарентност во користењето на средствата и недоволната борба против проневера и корупција. Во дописот се предлагаат мерки во однос на суспендирање или намалување на одредени европски фондови.
Унгарија сега има еден месец во кој може да ги достави своите забелешки и какви било дополнителни информации, особено за пропорционалноста на мерките предвидени од Комисијата.



Суспендирањето на кохезионите фондовиќе биде голем удар за унгарската економија која страда од слабеење на валутата, големи трошоци за задолжување, буџетскиот дефицит и неконтролираната инфлација.

https://www.reuters.com

## МЕРКИ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЦЕЛОСНО И НАВРЕМЕНО ТРАНСПОНИРАЊЕ НА ДИРЕКТИВИТЕ НА ЕУ




Европската комисија на 20 јули 2022 година усвои пакет мерки поради отсуството на комуникација од страна на земјите-членки, за мерките преземени за транспонирање на директивите на ЕУ во националното законодавство (наведени како „некомуникациски прекршувања“).
Комисијата испрати формално известување до земјите-членки кои не известиле за преземените национални мерки за транспонирање на директивите, чиј рок за транспонирање истече неодамна. Вкупно 26 земји-членки сѐ уште не известиле за целосни мерки за транспонирање на 3 директиви на ЕУ во областа на работните и социјалните права, оданочувањето и царинската унија, финансиските услуги и Унијата на пазарот на капитал. Засегнатите земји-членки имаат рок од 2 месеца да го завршат транспонирањето или Комисијата може да одлучи да даде образложено мислење.
Европскиот акт за пристапност бара некои производи и услуги, како што се јавниот транспорт, банкарството и онлајн продавниците да бидат достапни за лицата со посебни потреби. Пристапноста е предуслов за учество во општеството на еднаква основа со другите. Бизнисите што продаваат производи и услуги опфатени со Директивата мора да се погрижат да се усогласат со збир на заеднички барања за пристапност на ЕУ до 28 јуни 2025 година.
Следниве земји-членки не го транспонирале Европскиот закон за пристапност во националното законодавство до крајниот рок до 28 јуни 2022 година и имаа формално известување: Белгија, Бугарија, Чешка, Германија, Ирска, Грција, Шпанија, Франција, Хрватска, Кипар , Латвија, Литванија, Луксембург, Унгарија, Малта, Холандија, Австрија, Полска, Португалија, Романија, Словенија, Словачка, Финска и Шведска.

https://ec.europa.eu

## КРШЕЊЕ НА ПРАВИЛАТА НА ЕУ ЗА ЗАШТИТА НА ПОДАТОЦИТЕ



Меѓународниот трансфер на податоци преку океанот беше прогласен за незаконски од Судот на правдата на ЕУ, пред две години во значајната пресуда Schrems II, со што се дефинираше толкувањето на Општата регулатива за заштита на податоците на ЕУ. GDPR не се однесува директно на институциите на ЕУ, кои се обврзани со слична регулатива, но се очекува тужбата да го прошири ефектот на пресудата Schrems II и на нив. Тужбата беше иницирана од германски државјанин, кој не само што наведува дека извршната власт на ЕУ незаконски пренесува податоци, туку тврди дека не открива доволно информации за нејзините практики за обработка на податоци. „Тужбата против Европската комисија е сигнал за заштита на податоците во Европа“, наведува Томас Биндл, основач на Europäische Gesellschaft für Datenschutz, организацијата што го поддржува тужителот во случајот.

Судскиот спор се однесува на веб-страницата на Конференцијата за иднината на Европа. Веб-услугите на Амазон ја хостираат веб-страницата, па оттука при регистрација на настанот, личните податоци како што е IP адресата се пренесуваат во САД. Бидејќи Европската комисија е оператор на веб-страницата, тужителот побарал информации за тоа како се обработуваат личните податоци во две барања. EuGD ја иницирала тужбата паралелно со поднесувањето жалба пред Европскиот супервизор за заштита на податоци - орган со надлежност за примена на правилата за заштита на податоците од институциите на ЕУ. Се очекува пресудата на судот на ЕУ да трае помеѓу 12 и 18 месеци.

https://www.euractiv.com

## ПОРАСТ НА ЦЕНИТЕ НА СТАНОВИТЕ ВО ЕВРОПА



Во првиот квартал од 2022 година, цените на становите, измерени со Индексот на цени на становите пораснале за 9,8% во еврозоната и за 10,5% во ЕУ, во споредба со истиот квартал од претходната година. Ова е највисок годишен пораст за еврозоната од 2005 година кога започнало собирање на податоци и од четвртиот квартал на 2006 година за ЕУ. Во четвртиот квартал од 2021 година, цените на становите се зголемиле за 9,4% и 10,1% во еврозоната и ЕУ, соодветно.

Сите земји-членки на ЕУ за кои се достапни податоци, покажале годишен пораст на цените на куќите во првиот квартал од 2022 година и за 17 од нив, овој пораст надминал 10%. Најмало зголемување е регистрирано во Кипар (+1,1%), Финска (+4,3%) и Италија (+4,6%). Највисоки зголемувања се забележани во Чешка (+24,7%), Естонија (+21,0%) и Унгарија (+20,6%). Во споредба со претходниот квартал, цените се зголемија и во сите земји-членки. Најмал пораст е забележан во Малта (+0,4%), Кипар (+0,5%) и Германија (+0,8%). Најголем пораст е забележан во Естонија (+7,1%), Унгарија (+6,7%) и Бугарија (+5,2%).

https://ec.europa.eu

## НАМАЛЕН БРОЈОТ НА ЖИТЕЛИ ВО ЕУ

Во извештај објавен од Евростат се наведува дека вкупниот број на жители во 27 земји-членки на ЕУ за една година се намалил за 172.000 луѓе. На 12 јануари 2021 година ЕУ имала 447 милиони жители, додека на 1 јануари годинава регистрирани се 446,8 милиони жители. Во извештајот на Евростат се наведува дека, втора година по ред, негативниот природен прираст не бил компензиран со позитивниот број на мигранти, најверојатно поради влијанието на пандемијата со Ковид. Демографскиот пад се објаснува главно со зголемувањето на бројот на починати, за 113.000 повеќе од 2020 година, додека бројот на новороденчиња останал речиси на исто ниво. Евростат посочува дека постои голема разлика меѓу земјите-членки на ЕУ, бидејќи само 10 земји на ЕУ забележале намалување на бројот на жители во 2021 година, почнувајќи од Италија, каде имало 253.100 жители помалку. Од друга страна, пораст на бројот на жители е забележан во 17 други земји, особено во Франција, каде имало пораст од 185.900 луѓе. Со оглед на влијанието на пандемијата на Ковид-19 од 2020 година и фактот дека бројот на смртни случаи сепак се зголемува поради стареењето на населението и претпоставката дека стапката на фертилитет ќе остане на релативно ниско ниво, експертите на Евростат предупредуваат дека овој негативен пораст на населението (повеќе смртни случаи отколку раѓања) може да продолжи. Според нив, демографскиот пад или растот во ЕУ во иднина најверојатно во голема мера ќе зависи од придонесот на имиграцијата.

https://ec.europa.eu/eurostat




*ЕУ КАЛЕНДАР / септември 2022*

1. *Пленарна сесија на Европскиот парламент, 12-15/09/2022, Стразбург;*
2. *Европската недела на одржлива енергија 2022, 26-30/09/2022, Брисел, Белгија.*




**Корисни линкови за електронски публикации на ЕУ:**
https://publications.europa.eu/en/home
https://europa.eu/european-union/documents-publications
http://www.europarl.europa.eu/visiting/en/brussels/parlamentarium

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО


Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 55 локал 414
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019

www.sobranie.mk


*Во Собранието беше спроведен ИПА Проект за „Техничка помош за Парламентот", во периодот од јануари 2011 до јуни 2012 година, чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*
*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*
*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието и на Службата да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*
*ЕУ центарот организациски е во рамките на Секторот за поддршка на Националниот совет за евроинтеграции и следење на евроинтеграциите.*
*ЕУ центарот располага со библиотека од книги и публикации од различни области на европските политики.*




